Врз основа на член 22 став 1 од Законот за просторното и урбанистичкото планирање („Службен весник на Република Македонија“ број 4/96 и 28/97), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 17 јуни 1998 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОНЕСУВАЊЕ ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Во Програмата за изготвување и донесување Просторен план на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 17/95), во делот 1. Содржина на Планот, во точката 1.1.1. Документарна и информативна основа зборовите: „собранијата на“ се бришат.

2. Во точката 1.3. Предлог на планот во ставот 1, зборовите: „стручната рецензија и расправата“ се заменуваат со зборовите: „стручната ревизија и стручната расправа“.

3. Во делот 2. Организација на изготвување на Просторен план на Република Македонија, ставот 1 се менува и гласи:

„За изготвување на Просторниот план на Република Македонија, Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина склучува договор со изготвувачот на Планот - Јавното претпријатие за просторни и урбанистички планови, Скопје.“

4. Во делот 3. Постапка за донесување и верификација на Планот од државните органи, точката 3.1. Носители на изработката на Планот, се менува и гласи:

„Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина, Републичкиот завод за уредување на просторот и заштита на животната средина - орган во состав на Министерството.“

5. Во делот 3 точката 3.2. се менува и гласи:

„3.2. Стручна ревизија

Носителот на изработката на Планот формира Комисија за стручна ревизија на Нацртот на планот, составена од истакнати научни и стручни работници и претставници на органите на управата,“

6. Во делот 3 точка 3.3. Координационо тело, се менува и гласи:

„Владата на Република Македонија по донесувањето на Програмата за изготвување и донесување Просторен план на Република Македонија, формира Координационо тело за следење и насочување на изработката на одделни фази на Планот (Нацрт на план и Предлог на план).

Членовите на Координационото тело се назначуваат од претставници на одделни министерства “

7. Делот 4. Динамика на изготвување на планот, се менува и гласи:

„За изготвување на Просторниот план на Република Македонија се определуваат следниве рокови:

1. Програма за изготвување и донесување Просторен план на Република Македонија разгледана и верифицирана од Собранието на Република Македонија март 1995 година.
2. Нацрт на планот
   - 2.1. Стручна ревизија — јуни 1998 година
   - 2.2. Верификација од Владата на Република Македонија — јули 1998 година
3. Предлог на планот
   - 3.1. Верификација од Владата на Република Македонија — март 1999 година
   - 3.2. Усвојување од Собранието на Република Македонија — мај 1999 година
4. Изготвување на публикации — септември 1999 година.“

8. Делот 5. Финансиски средства за изработка на Планот, се менува и гласи:

„Средствата за изработка на Просторниот план на Република Македонија ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија во 1995, 1996, 1997, 1998 и 1999 година, во висина од вкупно 160.000.000 денари:

| | |
|---|---|
| 1. Трошоци за работниот тим, студии, опрема и публикации | 110.500.000 денари |
| 2. Формирање информативен систем и едукација на кадри | 30.200.000 денари |
| 3. Трошоци за консултанти на работниот тим | 8.100.000 денари |
| 4. Трошоци за стручна ревизија | 11.200.000 денари |
| Вкупни трошоци | 160.000.000 денари.“ |

9. Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-2530/1
17 јуни 1998 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски,** с.р.